Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**ПРИЛОГ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за дополнување на Законот за јавното обвинителство, скратена постапка |
| Одговорно лице и контакт информации: | Марија Бриндевска, кабинет на министер за правда<br>078/838-191 mbrindevska@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒ Нацрт<br><br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br><br>☐НПАА<br><br>☐Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br><br>☒ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br><br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Септември 2023 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Септември 2023 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и | / |

| | |
|---|---|
| администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2023 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Во периодот од 2019 и 2020 година се спроведоа најголемите реформи преку донесување на сет законски прописи кои се однесуваат на правосудниот систем и неговото усогласување со меѓународните стандарди. Во Законот за судовите е предвидена обврска за спроведување на редовен надзор врз функционалноста на АКМИС во судовите. Од досегашната примена на овие одредби, Министерството за правда редовно врши надзор во судовите за што Владата на Република Северна Македонија донесува годишен План за надзор за тековната година. Комисијата формирана во рамките на Министерството за правда по спроведените надзори во судовите, изготвува записници и истите јавно ги објавува на веб страната на Министерството за правда и ги проследува до непосредно повисокиот суд и Судскиот совет на Република Северна Македонија. Исто така, Комисијата изготвува полугодишни извештаи кои се објавуваат на веб страната на Министерството за правда во кои се содржани констатираните состојби во судовите во врска со примена на одредбите од Судскиот деловник и автоматската распределба и прераспределба на предметите во судовите што се врши преку АКМИС.

Согласно Законот за јавното обвинителство (,,Службен весник на РСМ“ бр.42/2020) предвидена е законска обврска на јавните обвинителства да го применуваат системот за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства при распределба и прераспределба на тековните предмети кај јавните обвинители. Со оглед на тоа дека во актуелното законско решение не е предвиден надзор во јавните обвинителства, се јави потребата од донесување измени на овој закон со цел воспоставување на контрола за правилно спроведување на одредбите од законот.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Заради ефикасна примена на системот за електронска распределба и прераспределба на предмети во јавните обвинителства потребно е да се воведе законска обврска за редовен надзор заради спречување на секаков вид злоупотреби и рачна распределба на предметите во јавните обвинителства.

.

## 2. Цели на предлог регулативата

Донесувањето на Закон за дополнување на Законот за јавно обвинителство произлегува од потребата за зајакнувањето на механизмите за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства и се прецизира надлежноста на органите и телата утврдени со законот за вршење на надзорот. Исто така измената која се предлага е согласно основната намера на Владата на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија и е во духот на реформите во областа правосудство и негово натамошно унапредување. Од наведените причини, се оцени дека е неопходно да се пристапи кон итна измена на одредбите од овој закон.
Текстот на Законот беше на мислење на надлежните институции.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Доколку не се донесе ова законско решение тогаш ќе останат истите констатирани слабости во врска со примената на системот за електронска распределба и прераспределба на предметите во јавните обвинителства.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Комисијата за надзор над функционалноста и примената на системот за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства ќе составува записник за секој извршен надзор и ќе го објави на веб страницата на Министерството за правда. На овој начин ќе се обезбеди поголема транспарентност при работењето на јавните обвинителства на ист начин како и кај судовите.

Целта за донесување на овој закон е имплементација на одредбите од Европската конвенција за човекови права во однос на пристапот до правда, примена на начелата на независност, непристрасност и еднаквост.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

Добивањето позитивна оцена од Европската комисија позитивно ќе влијае на економската средина, на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Северна Македонија од аспект на почитување на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како одреден напредок во областа

4.2 Фискални влијанија

Донесувањето на Законот ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Министерството за правда.

4.3 Социјални влијанија – нема

4.4 Влијанија врз животната средина - нема

4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување - нема

б) трошоци за почитување на регулативата - нема

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Предлог законот е објавен на ЕНЕР, со што на секоја засегната страна и се овозможува директно да се вклучи во изготвувањето на текстот на законот.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Предлогот е доставен до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и Советот на јавните обвинители на мислење.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто Нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Позитивни

Со донесување на ова законско решение се очекува да се постигнат позитивни ефекти кај работењето на сите јавни обвинителства.

Негативни

Не се очекуваат негативни влијанија од донесувањето на Предлог законот.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции) - Нема

6.3 Препорачано решение со образложение

Владата на Република Северна Македонија да го разгледа и усвои Законот за дополнување на Законот за јавното обвинителство.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области – Нема

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување - нема

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за правда.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на Предлог законот

Предлог Законот за дополнување на Законот за јавното обвинителство ќе биде објавен на веб страната на Министерството за правда.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Начинот на следење на спроведувањето на Законот ќе се спроведе со формирање на Комисија за надзор врз примената на одредбите од Законот за јавното обвинителство од страна на министерот за правда.

8.2 Евалуација на ефектите од Предлогот законот и рокови

Евалуација на ефектите од Предлог законот спроведува Министерството за правда преку Комисијата чија што обврска ќе биде да ги објави сите записници од извршени надзори на веб страната на Министерството за правда.

Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**Изјава од државниот секретар**

**Предлог Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и за трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: .2023 година**

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 15-09-2023

.............................................

потпис на министерот